АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Октомври 2023** **Бр.10**

## Одржани „Денови на медиумска писменост 2023“




Под мотото „Брз прст, лажни вести носи“, почнувајќи од 24 до 31 октомври во организација на Мрежата за медиумска писменост по петти пат се одржа манифестацијата Денови на медиумска писменост 2023. На овој начин, нашата земја се приклучи кон Глобалната недела на медиумска и информациска писменост на УНЕСКО.
Деновите беа отворени со Конференцијата „Медиумска писменост во дигиталните простори“, на која директорот д-р Зоран Трајчевски, посочи дека „мотото на Деновите го отсликува она што ќе го правиме периодов – ќе потсетуваме, одново и упорно, дека она што не го правиме во реалноста не смееме да го направиме ниту во виртуелната реалност. И во дигиталните простори ги имаме истите човекови права, границата на нашите права е местото каде што почнуваат правата на другите и повеќе од потребно да сфатиме и да прифатиме колку е важна и нужна медиумската писменост во образованието“.

Во рамките на Конференцијата се одржаа два панели и работилница. Првиот панел организиран од Фондацијата Метаморфозис како дел од проектот Центар против дезинформации на Западен Балкан, беше посветен на градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите, додека вториот организиран од МИМ и ИРЕКС, во рамки на Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“, на влијанието на дигиталниот свет врз децата и младите. Работилницата „Низ дигиталното – нови предизвици за медиумската писменост?“ беше организирана од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со експертка обезбедена преку ИПА Твининг проектот „Засилување на капацитетите на АВМУ и на МРТ“.

За потребите на Деновите на медиумска писменост 2023 беа изработени видео и аудио спот на македонски, албански и англиски јазик.

Повеќе информации за настаните кои се одржуваа во живо и онлајн во рамките на Деновите, се достапни на веб – страниците mediumskapismenost.mk и avmu.mk и на Facebook, Instagram и Youtube каналот на Мрежата за медиумска писменост.

## Промовиран Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми



Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со поддршка на Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) на ОБСЕ, на 12 октомври го промовираше Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми. Кодексот е изготвен на иницијатива на Агенцијата во соработка со релевантните институции од областа – Здружението на новинари на Македонија, Македонскиот институт за медиуми, Советот за етика во медиумите, Институтот за комуникациски студии и Фондацијата Метаморфозис.

„Принципите и стандардите пропишани во Кодексот се од етичка природа, поради што неговото почитување е на доброволна основа, со потпишување Пристапница. Дигиталното опкружување донесе нови трендови и бројни предизвици: нови тактики за политичко рекламирање, водење кампањи и финансирање, пласирање нецелосни, неточни или злонамерни информации. Се почесто на социјалните мрежи и генерално во онлајн просторот се користат форми на изразување што можат да поттикнат клима на нетрпеливост, омраза, насилство и дискриминација што беше причината за донесувањето на Кодексот“, рече директорот на АВМУ Зоран Трајчевски. Воедно директорот Трајчевски посочи дека во процесот на неговото изготвување се користени искуствата и експертизата на ОБСЕ/ОДИХР, а позитивни оценки и поддршка за Кодексот дадоа и министерот за информатичко општество и администрација г. Азир Алиу и Амбасадорот на Мисијата на ОБСЕ Н.Е. г. Килијан Вал.

На настанот беше презентиран и начинот на функционирање и улогата на Координативното тело кое ќе го следи почитувањето на начелата и стандардите посочени во Кодексот од страна на политичките партии, нивните кандидати, независните кандидати, интернет изданијата на радиодифузерите, онлајн медиумите, проверувачите на факти, инфлуенсерите и други субјекти кои можат да извршат влијание врз јавноста во функција на кампања за време на избори или референдуми. Воедно, беше претставена и новата веб страница www.izborenkodeksonline.mk, наменски изработена во функција на запознавање на јавноста со Кодексот и работата на Координативното тело. Страницата е достапна на македонски, албански и англиски јазик и е прилагодена за лица со оштетување на видот.

Своите видувања за Кодексот и неговото спроведување во пракса ги споделија претставниците на Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување корупција, Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Повеќе информации за настанот и релевантните документи се достапни на www.izborenkodeksonline.mk.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



*NEWSLETTER*

## Осуда за односот на владини функционери кон новинар на ТВ Алфа

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 14 октомври преку соопштение го осуди некоректниот однос на премиерот Ковачевски и на вицепремиерот за економски прашања Фатмир Битиќи, кон новинарот Матеја Петровски од ТВ Алфа.

Во соопштението беше посочено дека медиумите се еден од клучните столбови на демократијата и имаат важна улога во креирањето на критичкото мислење и известувањето за прашања што се од јавен интерес. Оттаму, не смее да постои начин на комуникација кој е несоодветен и навредлив кон новинарите, а со тоа и кон целата јавност на која треба да и бидат пренесени информациите. Носителите на јавна функција треба да вложат максимални напори да дадат одговори на сите новинарски прашања кои се од интерес на јавноста, и истовремено да покажат почит кон новинарската професија и достоинството на медиумските работници.

## Надзори врз радиодифузери, оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и печатени медиуми

### Радиодифузери

Редовни програмски и административни надзори за повеќе законски обврски - за почитувањето на правилата при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетната публика, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа и обезбедување квизови или други облици на наградно учество, објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни на корисниците и за објава на идентификација на радиодифузерот, употреба на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 12 часа програма на телевизијата и дневно емтитување најмалку 40% изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела се извршени врз ТВ програмите на Јавниот сервис – МРТ 1, МРТ 2, МРТ 3, МРТ 4 и МРТ 5. При надзорот беше констатирано дека МРТ 3 на 4 октомври 2023 година, во делот од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. Законот не го почитуваа и МРТ 4 и МРТ 5 кои не емитуваа најмалку 40% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Извршен е и редовен програмски и административен надзор врз радијата Роса – АБ, Зона М-1, РФМ, Скај и ЕФ-ЕМ 90.3 Спортско Радио, за законските обврски коишто се однесуваат на објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни до корисниците и обврските за идентификација на радиодифузер, почитување на правилата при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетната публика, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа, обезбедување квизови или други облици на наградно учество, употреба на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 12 часа програма на радијата и емитување на доброволно пријавениот процент македонска музика. При надзорите беше констатирано дека ЕФ-ЕМ 90.3 Спортско Радио на програмата емитувана на 5 септември, ниту на најавната, ниту на одјавната шпица не ги објави податоците за импресум во целините од радио вестите, насловени: „Спортски вести на 90,0 ЕФ-ЕМ", додека Радио Скај Теодор на програмата емитувана на 4 септември не емитуваше најмалку 10% музика на македонски јазик во периодот од 6:00 до 24:00 часот.

За да утврди дали е постапено по решенијата за преземање мерка јавна опомена, заради не објавување на импресум и непочитување на правилата за емитување аудиовизуелни аудиокомерцијални комуникации, Агенцијата изврши контролен програмски и административен надзор врз Радио Метрополис. Со извршените контролни надзори е констатирано дека Радио Метрополис на програмата емитувана на 26 септември, ниту на најавна, ниту на одјавна шпица не ги објави податоците за импресум во целините од радио вестите насловени: „Една минута позитивни факти – според информациите добиени од Дирекцијата за технолошко – индустриски развојни зони и Совет на странски инвеститори", како и во забавно-информативните целини: „Добро утро / Добар ден со Маја – Маја за под(в)арок и менопауза" и „Светот во 4 со Вики и Стела". Во истиот ден недозволено се спонзорирани изданијата на вестите, односно изданијата на кусите дневноинформативни емисии насловени: „Спорт на Метрополис" и „Една минута позитивни факти".

Контролни надзори се извршени и врз ТВ Кисс&Менада, за да се утврди дали радиодифузерот постапил по изречените мерки јавна опомена, упатени поради необјавување на импресум, информации кои треба да се направат достапни за корисниците и употреба на јазикот на програмата спротивно на Законот. Надзорот покажа дека радиодифузерот ги исполнил законските обврски во целост.



*NEWSLETTER*

По службена должност, извршен е вонреден програмски надзор врз работата на радио Канал 77 во врска со наводите изнесени на јавната расправа, што се одржа во просториите на Агенцијата на 22.08.2023 година, а со цел да се констатира дали радиодифузерот постапува согласно членот 68, а во врска со член 3 став 1 точка 12 од ЗААВМУ. Со вонредниот надзор е констатирано дека има разлики во структурата на програмскиот сервис на радио Канал 77 емитуван на две фреквенции (89,70 Mhz од Водно врв и 101,90 Mhz од Попова Шапка) кои се дел од мрежата фреквенции што овој радиодифузер ги користи за да емитува радио сервис на државно ниво. Ова е спротивно на споменатите законски одредби, поради тоа што радиодифузерот од Агенцијата има добиено само една дозвола за емитување радио програмски сервис на државно ниво. Тоа значи дека истиот сервис треба да се емитува преку сите фреквенции што ги користи радиодифузерот за да го покрие подрачјето за кое ја има добиено дозволата.

## Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Агенцијата изврши редовен програмски надзор врз операторите Дрим Сат ИПТВ, Нафи и Беко, Винсат Кабел, Мултимедија Нетворк Л, Скупи Кабле, Теленет Ком, Сигнал-Нет и Скрмбел за обврската во програмскиот пакет којшто го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, како и за обврските за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат. При надзорот е констатирано дека операторот Винсат Кабел од Виница за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „Super RTL", кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата.

## Печатени медиуми

Агенцијата спроведе редовен административен надзор врз 22 издавачи на печатени медиуми со цел да констатира дали истите објавиле податоци за назив и адреса на седиштето и уредништвото на печатениот медиум, податоци за одговорното лице, уредниците, печатницата, датум на печатење или препечатување и број на печатени примероци, согласно обврската од Законот за медиуми. Со надзорот беше констатирано дека обврските од Законот за медиуми не ги исполни печатениот медиум „Нова Македонија", кој во изданието бр. 25952 не објави точен број на печатени примероци, потоа медиумот „Народен Лекар" кој во изданието бр.591 не објави точен датум на печатење, додека печатениот медиум „Слово" не ги објави податоците за адресата на седиштето на издавачот на медиумот, името на одговорното лице на издавачот на медиумот, називот на печатницата, адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци.

## Изречени мерки јавна опомена

Советот на Агенцијата на 32-та седница одржана на 9 октомври и на 33-та седница одржана на 16 октомври врз основа на констатации од надзор каде е утврдено непочитување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми, донесе пет Решенија за изрекување на мерка – јавна опомена за ТВ Плус, Г-ТВ Телевизија и ТВ Здравкин.

На Г-ТВ Телевизија се изречени 3 мерки јавна опомена, од кои едната поради емитување на играни програми без да бидат означени со сигнализација за заштита на малолетните лица пред почетокот и за време на нивното емитување, втората за необјавување на податоци за импресум и третата заради неемитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела.
На Телевизија ПЛУС мерка јавна опомена и е изречена поради тоа што не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, додека на ТВ ЗДРАВКИН поради необјавување на податоци за импресум.



INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-028/2018